**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од Триесет и шесттата седница на Собранието на**
**Република Македонија**
**одржана на 17 февруари 2000 година**

Седницата е одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Саво Климовски претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости, ја отворам Триесет и шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и истото може полноважно да одлучува.

(Г-динот Саво Климовски станува).

Дозволете ми од мое и од Ваше име да ги поздравам претседателот на Република Македонија, г-динот Борис Трајковски, претседателот на Владата на Република Македонија г-динот Љупчо Георгиевски, членовите на Владата на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија г-динот Киро Глигоров, шефовите на странските конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија, министерот за одбрана на Чешката Република неговата екселенција Владимир Вехти и други присутни гости на седницата.

Дами и господа,

Ми претставува посебна чест и задоволство што можам како претседател на Собранието на Република Македонија од Ваше и од свое име да го поздравам лордот Робертсон, кој како генерален секретар на НАТО по втор пат претстојува во Република Македонија... (Аплауз).

Г-дине Робертсон, Вие секако сте запознаени со определбите што ги имаме во Република Македонија за развивање на соработката со НАТО. Да Ве потсетам дека Собранието на Република Македонија во 1993 година донесе Одлука за стапување во членство во НАТО. Таа определба е потврдена од сите релевантни политички фактори во земјата и ова Собрание во целост ја поддржува Владата во нејзините настојувања за што поскоро зачленување во НАТО како едно од ретките прашања за што постои парламентарен консензус.

Надлежните тела на Собранието даваат конструктивен придонес во до обликувањето на предлозите на Владата и пратениците од доменот на одбраната и безбедноста.

Исто така, делегацијата на Собранието на РМ во парламентарното собрание на НАТО активно учествува во градењето на ставовите на овој форум.

На владино ниво се одвиваат активности во рамките на Партнерството за мир со што се доближуваат структурите во одбраната и безбедноста на Република Македонија со стандардите на НАТО. Во исто време стратегијата и политиката на одбраната на земјата се усогласуваат со современите трендови во оваа сфера, но и со реалностите со кои се соочуваме.

Можеме со задоволство да констатираме дека односите и соработката на Република Македонија со НАТО бележат континуиран и содржински напредок во сите сфери на дејствување. Тоа е особено изразено по донесувањето на одлуките од Вашингтонскиот Самит, со кој се определени правците на дејствувањето на оваа организација, како и Акциониот план за членство во Алијансата.

Во функција на постигнување поголема стабилност и соработка во регионот пред само десетина дена Собранието расправаше и донесе Резолуција за односот и улогата на РМ во Пактот за стабилност во Југоисточна Европа. Учеството и имплементацијата на овој план ги сметаме за исклучително важни за демократизација, стабилност, економски развој, безбедност и соработка во регионот. Високо ги цениме заложбите што Вие и земјите членки на Алијансата ги правите за НАТО како колективен систем за безбедност, да игра активна улога во зачувувањето на демократските придобивки во Европа и пошироко. Оттаму како дел од европското семејство на народите природно е тежнението на Македонскиот народ и на националностите за приклучување кон овој сојуз, со оглед дека и во минатото остварувана е успешна соработка со земјите на Алијансата.

Г-дине Робертсон се надевам дека во многу скоро време, во текот на Вашиот мандат ќе можете од оваа говорница да ни соопштите за нашето што поскорешно зачленување во НАТО и за можноста заеднички да градиме стабилно и отворено

општество на граѓаните од европските и евроатланските простори.

Ве поканувам г-дине генерален секретар да се обратите пред пратениците на Македонскиот Парламент.

**ЏОРЏ РОБЕРТСОН:**

Почитувани гости мило ми е што сум денес со Вас. Се надевам дека препознавте ова што го кажав на македонски јазик, некој збор.

Навистина е големо задоволство да се биде овде, повторно во Скопје како генерален секретар на НАТО. Ова е уште една пригода да можам лично да ја искажам мојата благодарност кон Вас, за Вашите храбри дејствија во текот на косовската криза. Во минатата година постигнувањата на Вашата земја не беа ништо помалку од извонредни. Со давањето на Ваша политичка поддршка на акциите на НАТО, Вие ја зајакнавте меѓународната коалиција што му се спротивстави на претседателот Милошевиќ. Вие не обезбедивте само морална поддршка, туку Вие преземавте и дејствија. Вие бевте домаќини, Вашиот народ на Вашата територија бевте домаќини на стотици илјади бегалци и им дадовте сигурност што им беше потребна, откако беа истеран и од своите домови од својата татковина.

Вие бевте домаќин на силите за екстракција на НАТО, за набљудувачите на ОБСЕ и Косово. Вие исто така бевте домаќини на КФОР, значи Косово силите, кои што им помагаа на бегалците и го подготвуваа нивното враќање во Косово.

Потоа, откако КФОР влезе во ослободено Косово вашата земја беше и продолжува да биде транзитна точка за воените зајакнувања и меѓународните хуманитарни организации. Ова навистина е импресивно достигнување поради вашите дејствија, креденцијалите на Вашата земја како членка на Евроатланската фамилија стануваат уште појаки. Наша заедничка цел, Ваша, на НАТО и на остатокот од меѓународната заедница исто така е, да се донесе траен мир и безбедност во Косово.

Ние едновремено сме посветени на територијалниот интегритет на сите земји во регионот. Сега веќе минаа осум - девет месеци откако силите на Косово се стационираа таму и ние постигнавме значителен напредок. Насилството што југословенската Влада го спроведе врз вкупното население во Косово заврши и српските сили и паравојската се повлекоа. Ослободителната армија на Косово се разоружа, демилитализира од страна на КФОР и цивилните организации се поставени на свое место за да можат да ги постават основите на вистинската демократија. Суштинската инфраструктура повторно се гради и стопанството на земјата полека зајакнува.

За прв пат по десет години децата на косовските албанци не само на она мнозинство кое што владее, можат да одат на училиште и да учат на својот сопствен јазик. Ова се големи чекори напред, но сепак нам се уште ни останува уште многу нешто да сториме.

Прво и најважно, ние мораме да воспоставиме едно безбедно опкружување кое што е солидно и кое што може самото да се одржува. Ова е навистина многу тешка задача. Насилството во Косовска Митровица минатата недела е само еден жив пример на сето тоа. Дозволете ми да бидам целосно јасен.

Силите кои што ги води НАТО во Косово нема да поднесат насилство против нашите сопствени војници или против граѓаните на Косово без оглед на нивната етничка припадност.

НАТО презема акција минатата година за да се спротивстави на насилството што го спроведуваше, спроведуваа безбедносните сили на претседателот Милошевиќ, а ние ќе преземеме секаква акција за да го запреме насилството во Косово сега. И, никој не треба да се сомнева во нашата решителност тоа да го сториме. Но, определбата на НАТО не е само по себе доволна, затоа што военото спроведување на одредени мерки не е доволно за да се донесе траен мир, безбедност и просперитет на Косово. Мора да се гради мирот и меѓу цивилното население. Да се обезбеди сигурност на улиците потребни се полицајци, нешто што меѓународната заедница се уште не можеше да го обезбеди во доволна мера. Треба да се обнови општеството. Мисијата на Обединетите Нации во Косово мора да има пари и да ги плати платите на цивилните службеници, да создаде цивилни институции и овде повторно меѓународната заедница сепак заостанува во обезбедувањето на потребните финансиски средства. Што подолго време треба за да се задоволат овие потреби, толку потешко ќе биде да се постигнат нашите цели.

Исто така, од клучно значење е и населението на Косово самото да даде активна соработка и посветеност за воспоставување на мирот и стабилноста

ширум провинцијата. Нивните напори во конечна мерка ќе бидат оние кои ќе ја одредат долгорочната иднина на провинцијата. Значи, сите етнички малцинства во Косово имаат и одговорност и нивна должност е да го постигнат тоа.

Оваа порака јас многу јасно им ја пренесов на шефовите на земјите членки на НАТО и исто како и командантот на КФОР, шефот на Мисијата на Обединетите Нации во Косово, но дозволете ми исто многу, многу, јасно да кажам дека КФОР ќе остане на Косово онолку колку што ќе треба за да се заврши работата, бидејќи Меѓународната заедница не може да си дозволи поинаку да дејствува.

Босна и Херцеговина и Косово јасно искажаа дека цената на индиферентноста може да биде многу повисока од цената на ангажманот. Овој принцип на ангажман наспроти индиферентноста исто така ја дава насоката на нашата подолгорочна визија за иднината на Југоисточна Европа. Иднината на Југоисточна Европа треба да престане да биде извор на нестабилност и конфликти. Една иднина во која овој регион ќе ужива во стабилност и просперитет. Да биде во мир со себе си и со остатокот од Европа. Една иднина во која дури и Србија ќе ги прифати вредностите и ќе ги споделува идеите на евроатланските простори. Демократија, просперитет, почитување на човековите права и да се придружи повторно на европското семејство.

Јас би сакал уште нешто да кажам, ако оваа порака може да ја слуша населението на Србија.

Сакам да и кажам дека ако тие направат напори ќе бидат добредојдени од страна на меѓународната заедница. Ако ги одбијат дејствијата и насоките на Милошевиќ. Треба да погледнат кон соседите, да го погледат добредојдето што и е пружено на Хрватска, кога таа го сврте грбот на минатото и се сврте сега во својата историја нова страница, под новата демократска Влада што сега е воспоставена таму. Има широко добредојде за Српскиот народ, за сите оние достоинствени и чесни луѓе кои што се страдни за информации од надворешниот свет. Народ кој заслужува многу повеќе од она што го добива од страна на режимот на Милошевиќ. Меѓународната заедница му приоѓа на овој проект на Југоисточна Европа на еден координиран и сеопфатен начин.

Ние можеби конечно на овој регион на оваа област гледаме како на регион, како на Југоисточна Европа и ние сакаме да ја зајакнеме демократијата ширум регионот. Ние сакаме просперитетот да го зајакнеме ширум регионот. И ќе ги зајакнеме евроатланските вредности ширум регионот. Вредностите на толеранција, на мултикултурно општество, на мир и на правда.

Се разбира, НАТО ова не го прави сам. Европската Унија и ОБСЕ. Имаат исто така водечки улоги во овој проект. Пактот за стабилност на Европската Унија на пример ќе координира и ќе ги продлабочува инвестициите што вкупната меѓународна заедница сака да ги направи за да се направи траен и само одржлив мир и просперитет. Јас сум охрабрен од многуте чекори што оваа земја ги има направено во последниве неколку месеци за да може да функционира Пактот за стабилност.

Во соработка со Вашите партнери во рамките на Пактот за стабилност, Вие лансиравте едно регионално тело против корупцијата и превземате чекори за охрабрување на странски локални инвестиции. Вие создадовте и еден совет за стабилен бизнис и се определивте за борба против организираниот криминал. Ова се големи чекори напред и тие покажуваат дека регионалната соработка може и навистина ќе се исплати.

Напорите на НАТО во овој регион се засноваат токму на истите принципи. Дека регионалната соработка може значително да придонесе за зајакнување на сигурноста.

На минатогодишниот самит во Вашингтон, НАТО создаде еден консултативен форум за безбедносни прашања во Југоисточна Европа. Ние исто така се надоврзуваме на постојните механизми во Партнерството за мир и Евроатланскиот партнерски совет за да дадеме содржина на нашите ветувања за помош на партнерите во регионот.

Ние исто така воспоставуваме програми за безбедносна соработка за сите земји во регионот и даваме поголем регионален фокус на активностите на Партнерството за мир.

НАТО, исто така право уште едно долгорочно инвестирање во Европската стабилност. Тоа е нашиот процес на проширување. Преку акциониот план за членство НАТО, ќе даде совет, помош и практична помош на земјите кои што сакаат да станат членови на НАТО. Односите меѓу членовите на НАТО и аспирантите за членство ќе стануваат се по интерактивни и

ние енергично ќе работиме да им помогнеме да и се приближат на алијансата.

Вашата земја е сериозен аспирант за членство и како што Вие велите, навистина Вие сте една од првите земји кои јавно изјавија дека сакаат да и се придружат на алијансата како целосен член, рамноправен член. Ние ја признаваме Вашата желба да и се приклучите на алијансата и НАТО сака да ги продлабочи врските меѓу нас и Вас. Членството во НАТО сепак носи и поголеми одговорности покрај бенефициите во областа на сигурноста. Нашата врата е отворена, но подготовките за членство се многу тешки, напорни, затоа што треба не само да се ужива безбедноста, туку како член и да се обезбедува. Приклучувањето кон НАТО не е трка на победници и губитници туку еден процес на се потесна интеграција.

Токму затоа јас Ве охрабрувам да продолжите по патот што веќе го избравте. Да бидете по активни во промовирањето на регионалната соработка во Пактот за стабилност и иницијативата на Југоисточна Европа. Да продолжите да ја реформирате Вашата одбрана во еден прагматски начин да продолжите да ја подобрувате Вашата способност, што потесно да соработувате со НАТО. Од своја страна алијансата на тој пат ќе Ве охрабрува колку што може преку партнерството за мир и Акциониот план за членство, бидејќи една појака врска и односи меѓу НАТО и оваа земја е добро. Добро е и за Вас и за луѓето што Вие ги претставувате. Добро е за нас и Алијансата, добро е за европската безбедност.

Дами и господа, започнува една нова ера. Ера во која земјите на Југоисточна Европа ќе растат заедно. Ера во која историските разлики ќе бидат заменети со заеднички цели. Една ера во која Меѓународната заедница и натаму ќе остане ангажирана како партнер во прогресот.

Ера во која овој регион ќе постане целосно член и дел на Европа што ние ќе ја градиме во XXI век. Вашата определба за интеграција во Евроатланските институции е многу добредојден настан. Во овие последни неколку години Вие покажавте јасно дека Вие ќе бидете дел од тој процес преку внатрешни реформи, преку напори за градење на регионални врски и преку продлабочување на соработката со остатокот од Евроатланската заедница. И Вашиот придонес кон операциите во Косово само ја зајакнува оваа Ваша репутација.

Постигнувањата на Вашата земја и на Вашиот народ докажува дека во денешна Европа географијата не е веќе фактор кој ја одредува судбината. Денес е не одбеглив факт дека земјите од овој регион ќе почнат да се приближуваат уште повеќе една кон друга и кон Евроатланската област. И ова е еден напор во кој јас Ви пожелувам успех и Ви честитам за Вашиот толку добар почеток.

Благодарам. (Аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Џорџ Робертсон за неговото обраќање и неговите зборови ги сфаќам како поттик да истраеме во нашите напори кон генералната политика околу која што, за среќа имаме навистина постигнато општ консензус и ја имаме подигнато на принцип на државен интерес.

Ја заклучувам Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

(Седницата заврши во 14,30 часот).